СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Педесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јануари 1997 година

Скопје, јануари 1997 година

**ВТОРО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 55-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 16.01.1997 Г.**

1. АРСОВСКИ БРАНКО - стр. 14
2. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 18
3. ПЕТКОВСКИ ТИТО - стр.1
4. ПОПОВСКИ ВЛАДО- 2 , 9 ,23, 55, 35

-т.3-на стр.2:Предлог на закон за кривична постапка (амандианска расправа)
не е гласано
т.13 на стр.40
т.4 на стр.8

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јануари 1997 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 11,35 часот. Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 55-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пред тоа, дозволете ми на почетокот на Новата година да Ви ја честитам Новата 1997 година, да ви посакам добро здравје, лична среќа Вас и на Вашето семејство и се разбира многу успех во нашата одговорна работа.

Си посакувам, а и Вам, да бидеме редовни на седниците и да имаме кворум во текот на целата седница.

Пратениците Димитрија Поповски, Драгољуб Поповиќ, Слободан Бпгдановски, Љубисав Иванов и Борис Павлов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми во Ваше и во мое име да му го честитам роденденот на пратеникот Александар Гештаковски и да му посакам добро здравје.

(Аплауз).

Продолжуваме со работа по <u>третата точка</u> - <u>Претрес по текстот на Предлогот на законот за кривична постапка.</u>

Во меѓувреме Владата на Република Македонија на 18 декември 1996 година поднесе амандман на член 142 за менување на став 3 и на став 4 и истиот го повлече.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 7 за менување на став 1 и на член 142 за менување на став 3 и на став 4 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

На овие членови амандмани имаат поднесено и пратениците Газменд Ајдарага, Туше Гошев и Илија Каров. Меѓутоа по нив нема да водиме претрес затоа што тие се однесуваат на текст кој е веќе изменет со амандманот на Владата.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 7 став 1, на член 8 став 2, и член 9 став 2. Бидејќи Владата на РМ поднесе амандман на член 7 став 1 по овој дел од амандманот на Комисијата нема да водиме претрес.

Отворам претрес по амандманот за додавање на зборовите "Предлог на закон за кривична постапка" пред дел 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додаваше два нови става 2 и 3, поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Ниту еден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за додавање два нови став 2 и 3 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Отворам претрес по амандманот на членовите 7 став 1, 8 став 2 и 9 став 2, поднесен од Комисијата за внатрешна политика.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за преформулирање на ставовите 2 и 3 во еден став 2 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, меѓутоа тој е вграден со интервенцијата на Владата во меѓувреме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи господинот Газменд Ајдарага не е тука, дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник гласаше за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 3, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 8, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 66 став 2, поднесен од пратеникот Владе Давитковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 74 став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 161 став 9, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на членовите 178 став 3, 254 став 2, 257 став 1, 258 став 1, 292 став 2, 322 став 3, 345 став 2 и 530 став 1 точка 3 и 4, поднесен од пратеникот Владе Давитковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 22 0 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 345 став 2 и 4, поднесен од пратеникот Владе Давитковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 423 поднесен од пратеникот Владе Давитковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 349 став 2, поднесен од пратеникот Владе Давитковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 456 за менување на став 3 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Главата 31 на членовите од 509 до 525 и во членовите 524 став 1 и 4, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски има збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Молам за информација, точно, колку пратеници се присутни затоа што ако што ви е познато за овој закон е потребно двотретинско мнозинство.

Бидејќи има присутни 80 или 7 6 пратеници, предлагам да продолжиме со претресот по Законот за извршување на санкциите, а ќе ни треба и за Законот за парнична постапка и за овој закон двотретинско мнозинство и предлагам да гласаме одеднаш и за двата закони по завршувањето по претресот по овој закон.

Ако се согласувате за продолжиме.

- Предлог на закон за извршување на санкциите.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда господин Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

И овој закон е еден од законите кој влегува во процесот на реформа на кривичното законодавство на РМ. Од тие причини неговото донесување е важно затоа што претставува усогласување од уставните решенија на РМ и во исто време прави исчекор кон меѓународните стандарди и европското компаративно право. ВО таа смисла законот е исто така е пред Советот на Европа.

Јас би сакал да дадам само една поширока, но во целина земено кратка информација за тоа кои се изворите во подготовката на Законот за извршување на санкциите.

Како основа за изготвување на овој закон се стандардните минимални права за постапување со затворениците на Обединетите Нации донесени 1955 година, понатаму во основата на овој закон како извор се европските затворски правила усвоени од Комитетот на министрите во Советот на Европа во 1987 година, Декларацијата на Обединетите Нации за заштита на сите лица од тортура и други облици на свирепо, нехумано или понижувачко постапување и казнување усвоено од Генералното Собрание 19 75 година, правилата за однесување на лицата во службата на Законот усвоени од Генералното Собрание во 1979 година и други меѓународни акти.

Во подготовката на овој закон како референции служеа и законите на одделни европски земји како што се Германија, Швајцарија, Шведска, Франција, Италија и користењето на искуството од функционирањето ва системот на извршувањето на казните во други европски земји посетени,

истражени, тие искуства од страна на Министерството за правда, во рамките на поширокиот проект на Советот на Европа за соработка на тој план.

Основните принципи на Предлог законот во извршувањето на казните се: почитувањето на физичкиот и моралниот интегритет на осудените лица, нивната лична сигурност, забрана на мачење, понижување и казнување, забрана на дискриминација врз основа на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото, верското уверување, имотната и општествената положба, заштитата на животот и здравјето, забраната на медицински експерименти, слободното изразување на верските чувства, категоризацијата на казнено - поправните установи, и сместувањето на осудените лица ноќе во посебни простории, класификација на распоредување и разместување на осудените лица во зависност од личноста, од кривичното дело, висината на казната и слично, индивидуализација и хуманизација на постпеналната помош како и други принципи.

Важна новина во овој предлог закон е и правење на исчекор на разграничување на надлежностите на извршната и судската власт во која со овој закон конечно се напушта каква и да е надлежност на извршната власт поврзана со решенијата околу осуденото лице и неговиот статус во рамките на издржувањето на казната, а во таа смисла е најзначајната новина во тоа што со овој закон конечно се напушта надлежноста на извршната власт да постапува во врска со институтот условен како отпус. Се оценува дека таквото напуштање ја дополнува власта и позицијата на судските органи и на тој начин судските органи или судската власт е таа која конечно останува полновластен орган во врска со казнувањето и во таа смисла со издржувањето на казната.

Првите органи, а тоа извршните органи се надлежни во однос на организирањето, обезбедувањето и унапредувањето на пенитенцнјарннот систем и на самиот процес издржувањето на казните, и

во таа рамка исклучиво се надлежностите на извршната власт. Судската власт ги решава прашањата на осуденото лице од неговото упатување до отпуштањето и што е особено значајно одлучува за положбата на осуденото лице за време на издржувањето на казната, а тоа значи и за неговите права и обврски по кои досега и сега врз база на вториот закон постапува самата извршна власт.

Во рамките на новиот предлогот - закон се задржува поделбата на установите за издржување на казните на затворени, полуотворени и отворени установи односно има исти такви одделенија во рамките на една установа тогаш кога станува збор за помал капацитет мислам за установа со помал капацитет во вршењето на функцијата во областа на извршувањето на казните.

Важна новина и определен чекор е и прашањето за работната обврска на осудените лица во кои се прифаќа едно средно решение типично и за други земји како на пример за Швајцарија и Шведска дека работната обврска не може принудно да се наметне на затвореникот. Се поаѓа од претпоставка дека таа е значаен елемент во ресоцијализацијата на осуденото лице, дека врши позитивна улога во неговата подготовка за животот во социјалната средина и дека од тоа стојалиште е потребно да има работна обврска како елемент на ресоцијализацијата на осуденото лице, меѓутоа, доколку осуденото лице изрично, категорички, ја одбива, не се предвидува можност за присилно наметнување на таа обврска. Тие решенија од прилика во Македонија се компаративно усогласени и сметаме дека во таа смисла ќе се направи определен исчекор во позицијата на осуденото лице и во зачувувањето на неговите права и на интегритетот на слободите, на неговите слободи кои што нужно не се санкционираат на едно повисоко ниво.

Во таа насока се оди натаму во заострувањето и категоричкото поставување на другите принципи на издржувањето на казната по принципите на индивидуализацијата, категоризацијата, разместувањето, распоредувањето во однос на дисциплината која што може да биде строга, но мора да биде праведна и во смисла на целиот регистар на забранети дејствија во однос на осудените лица како што се колективното казнување, забранет^ медицински експерименти, наметната обврска, присилно наметната обврска за работа и слично, и афирмирањето на личноста на осуденото лице во таа смисла што се прифаќа "принципот на неограничување на слободите и правата на осуденото лице кое што нужно не се санкционирани и сведување на ограничувањето само на најнужните елементи од неговата положба додека го има статусот на осудено лице.

Се разбира дека тие принципи и категоризации претпоставуваат и определена материјална база или определен статус на установите, на просторните, техничките и други услови на издржувањето на казната. Во таа смисла ова Собрание пред некој месец ја усвои програмата за инвестирање во областа на правосудните органи, а во таа целина и во делот на казнено - поправните установи, па во таа насока сакам само да потсетам дека обврската осуденото лице тогаш кога е болно да треба да ја издржува својата казна во затвор болници со одредени стандарди што Европа ги познава и пропишува е обврска која што треба во делот на материјално просторните,технички и други услови за подигнување на нивото на системот на издржувањето на казните да го оствариме и со нови инвестиции и градби.

Првата задача на тој план, најважната задача заради тоа што во оваа ситуација сме најмногу ранливи по основа на европските стандарди е токму делот на болните лица кои што се во исто време осудени или делот на нужното многу брзо изградување на затвор болница.

Тоа е законот, законот содржи и еден дел кој што се однесува на организацијата и структурата на државниот орган надлежен во областа на извршувањето на казните определени промени на статусот на организационата единица во рамките на Министерството. Тоа ви е дадено на увид во Законот, па во таа смисла сметам дека овој закон со овие извори од кој е тој формиран и со овие принципи и механизми ќе наиде на поддршка во Парламентот на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор господин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници ќе бидам краток. Се јавив затоа што сметам да помогнам нешто во врска со содржината на самиот закон бидејќи самиот закон третира една област што е поврзана со Кривичниот законик. Сега, пред малку дискутиравме за кривична постапка, сега велиме дека треба малку да подискутираме, односно да донесеме закон за извршување на кривичните санкции.

Немам намера да дискутирам за содржината на законот комплетно, бидејќи според мое видување овој закон кореспондира и е во релација на пенолошката теорија и пракса и мислам дека во тие рамки ги задоволува потребите. Така што од пенолошкиот аспект, мислам законот и по содржината и по нормите и самата организација одговара на европското ниво и тука немаме забелешка. Немаме ќелии, туку имаме институции што обезбедуваат комплетна ресоцијализација на затворениците со единствена цел затворениците да се поправат, да ја оценат вината, да се вратат во социјалната средина и на еден начин да ги извршуваат своите семејни, лични и други задачи во рамките на предвидените норми.

Меѓутоа, морам да признам кога бев во една комисија до ова Собрание делегиран во посета на сите овие институции, односно установи, сакам да ја кажам практичната верификација на овој закон. Тоа ми е и целта на она што сакам да дадам еднократно образложение и да дадам поука, односно насока ова Собрание и Владата да превземаат нешто повеќе за самиот закон да добие во својата практичност.

II/2.-

Инаку, самиот закон како закон, содржината е извонредна, европска, светска и тн. но, кога ќе појдеме сега во институциите во кои што се извршуваат овие мерки, тогаш ќе дојдеме во позиција дали можеме и 10% од она што сме го предвиделе во самиот закон да го оствариме на тоа ниво потребно за таа личност која се наоѓа во самиот затвор, односно одредена институција. Ова, без разлика дали се работи за малолетници или за возрасни лица.

Мојата посета на овие институции носи еден негативен став. Мислам дека нашите институции, установи од овој тип што ги третира и самиот закон се наоѓаат во многу лоша материјална положба. На еден начин се наоѓаат објектите што се така поставени, мислам дека не одговараат на самиот закон и ако нешто оваа држава не направи да поправи нешто во тој дел, мислам дека' имаме една Сизифовска работа. Предлагаме нешто што не можеме да реализираме.

Во тој однос морам да кажам дека посебно во законот е третиран постпеналниот период. Еве, од праксата ќе ви потврдам дека тој потспенален период во однос на законот не се извршува во рамките на државата. Бидејќи не се изорганизирани во тој дел, дури морам да кажам дека нема институција што го прифаќа затвореникот во однос на негово прилагодување на новата средина, усогласување на сите тие односи се со единствена цел затвореното лице многу, да не кажам поедноставно ги прифати сите тие норми што се во една нормална средина.

Кога се работи за мерките за безбедност,и тука имам една посебна своја забелешка, бидејќи од пракса зборувам, државата и денеска не е доволно организирана кога се работи за лицата душевно болни, односно имаат направено кривично дело. Сега, засега тие се предвидени да бидат во здравствена институција. Меѓутоа и таа здравствена организација, барем засега, ако зборуваме сега за здравствената

организација "Бардовци", таа медицинска институција сега не одговара на конкретните услови што треба да ги обезбеди за најнормалните граѓани во државата, а да не зборуваме за специфичните кои треба да ја извршуваат таа мерка на безбедност.

Во таа насока се залагам дали би можело и дали има потреба сепак медицинската институција да формира посебно одделение за извршување на оваа мерка, односно за лица кои имаат направено такво кривично дело, бидејќи овде треба посебен кривичен третман, а тука, во законот се кажува дека веќе се определува одредено лице кое ќе биде, да не кажам водител, односно ќе го води овој случај во сите негови сегменти, вклучувајќи ги тука нормално и другите профили на кадри.

Мислам дека тоа се однесува и за хроничните алкохоличари кои на некој начин создаваат одредени проблеми, прават одредени кривични дела и тука овие здравствени институции, според мое длабоко убедување сеуште ги немаат таквите услови за да можат да прифатат вакви карактеристични случаи.

Во таа насока би молел, еве и Министерството за правда во една корелација, една соработка со Министерството за здравство да направат напори да се подобрат условите околу извршување на мерките на безбедност што ги сметам како многу важни и битни заради тоа што тоа лице не е во состојба да ја извршува казнената, односно кривичното дело во другите институции, па мора да оди исклучиво таму.

Лично сметам дека во законот сепак се дадени големи права на директорот, односно управникот на затворот во однос на предлагање на крајното решение во однос на условниот отпус. Лично сметам дека ние, нели, се залагаме дека секое лице кое се наоѓа во таа затворена институција треба да биде следено од еден интердисциплинарен тим во кој би се вклучиле повеќе стручни профили. Во тој дел мислам, дури и во

законот можеби требаше тоа да го потенцираме во еден член да ги дадеме тие права на тој психолог, на тој педагог, дефектолог, невропсихијатар, социјален работник, правник и тн. кој, за мене се многу постручни и покомпетентни да дадат оценка за условниот отпус.

Вака, сега се бирократизира состојбата, се појавува волонтаризам и управникот, во најголема мерка, одлучува за условниот отпус. Праксата покажа дека тоа не е најсоодветно. Би требало сега да направиме некаква корекција во таа смисла. Можеби со некој посебен правилник тоа, Драгане, би го правеле, не знам како тоа, размислуваме, меѓутоа основно е дека и во законот треба да дадеме едно поголемо право на тој стручен тим со единствена цел интердисциплинарниот пристап да дојде до израз. Во спротивно доаѓаме во позиција исклучиво таа сметка да ја води управникот.

Сега, кога се работи за заштитниот надзор, гледам дека во одредени ситуации се покажува дека Центарот за социјална работа е најкомпетентен кој што треба да го извршува, да го следи, затоа што мислам дека и за возрасни така размислувате, не само за малолетници, барем така ја прочитав таа одредба, ако сум во дилема ќе се коригирам, меѓутоа трошоците треба да ги поднесе тој што го извршува тој надзор. Сега, дали тука не доаѓаме во една колизија, дали тоа не треба да го извршува Министерството за правда, како што се прави тоа при Општинскиот суд, односно сега при основните судови. Мислам дека е покоректно во таа смисла да се направи.

На крајот би предложил, бидејќи праксата покажа, сепак малолетниците, кои се поделени во однос на женскиот и машкиот пол, мислам за сега во Република Македонија и посебно на деца кои имаат одредени пречки во нивниот психофизички развој, такви дефектолошки случаи, таканаречени, меѓутоа сторители на кривични дела, мислам

дека државата сеуште не направи диференцијација односно посебни услови кои ќе бидат погодни за женската популација, меѓутоа ептен посебни услови и она што значи за машките, бидејќи тука мораме да направиме една посебна диференцијација во однос на самиот третман заради половната структура и икс потреби што се јавуваат во таа насока.

Еве, така со овие мои овакви забелешки. Инаку немам никакви забелешки во фазите на третманот кога се работи за прием, распоредување, категоризација, организација на самата работа, сите оние пенолошки аспекти во однос на расветлување на проблемот и на крајот на краиштата придонесување да се дојде до права личност која ние со одредени форми и методи треба да ја ресоцијализираме и да ја вратиме пак во новата социјална средина, таканаречено интегрирање во нормалните текови.

Тоа се моите забелешки, меѓутоа како сугестии. Не се тоа забелешки, Владата и државата сепак да преземеме, иако донесовме Програма, Финансиска програма за подобрување на одредени услови, меѓутоа апелирам тоа да се забрза се во интерес на оние граѓани кои се наоѓаат во тие простори. Да не зборуваме за работна окупација и тн. и тн., тоа се сосема други работи.

Инаку, го прифаќам комплетно самиот закон бидејќи содржината, според мене е длабока, европска, светска и според пенолошки критериум.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас сметам дека овој закон е важен и битен закон од корпусот на закони во реформата на кривичното законодавство. Во таа смисла би се

обидел да изнесам некои свои видувања иако беше доста дадено и од самиот министер во однос на начелата и основите на овој закон.

Овој закон пред се го гледам како целосно усогласен закон со Уставот на РМ и пред се меѓународните стандарди за човекови права и слободи, во делот што ја регулира материјата за извршување на санкциите.

Тоа пред се, бидејќи е познато дека постојниот и досегашен закон за извршување на санкции за кривични дела и стопански престапи е донесен некаде во далечната 1979 година, а до денешни денови се извршувани повеќе измени и дополнувања на овој закон, што самото по себе го оправдува донесувањето на оваков нов закон. Во оваа прилика би сакал да потсетам, како и претходниот дискутант дека во 19 93 година постојаната Анкетна комисија за заштита на правата и слободите на граѓаните на Собранието на РМ изврши една сеопфатна анализа на меѓународните акти донесени од Генералното собрание на Обединетите Нации и Советот на Европа во која е регулирана материјата на човековите права и слободи и заштита на тие права за лица кои се наоѓаат во затвор и притвор. Зборуваше и на ова Собрание му поднесе целосен извештај за состојбите во нашите казнено - поправни установи, со одредени Предлог - заклучоци што укажуваат пред се на донесување еден оваков нов закон.

И спрема учесниците во таа Комисија и према Парламентот морам да искажам едно задоволство и благодарност во однос, и на опкружувањата што го изработија овој закон, изработувачите, служеа како основа за изработување и вклопување и во меѓународните акти и во однос на примената на фактичката состојба. Затоа мислам дека во тој дел и таквиот начин на работа придонесува да дојде до една крајна финализација на донесување и предлагање во Собранието на овој закон.

Министерот во основа заборуваше за начелата на кои се заснива овој закон и основите. Јас би се задржал пред се на неколку начела што го регулираат овој закон.

Со овој закон најважни промени се извршени во областа на извршување на санкциите изречени за кривични дела, односно извршување на казната затвор која во 80% од досегашната изрекувана е за кривични дела. Предлагачот на законот токму во оваа сфера целосно ги вградил нормите на меѓународното право со што се гарантира заштитата на човековите права на лицата лишени од слобода.

Исто така, на самиот почеток на законот во членот 11 е содржано дека целта на извршување на казната затвор е оспособување на осудените лица за вклучување во општеството, односно се посветува целосно внимание на текот на извршување на казната затвор кај осудените лица и пред се кај осудените лица да се развие чувство на одговорност, мотивот за превоспутување, исфрлање и анулирање на чувството на отуѓеност, што подразбира создавање на верба за успешно враќање  во секојдневниот живот по издржаната казна.

Со начелото регулирано во овој закон за ресоцијализација се напушта таканареченото сувопарно казнување, односно за нанесеното зло да се врати со зло бидејќи тоа во пракса не дава очекуваните резултати. Но, сепак, предлагачот, согласно законот, пропишал и предвидел извршителот на закненото дело да ја почувствува осудата во онаа мерка и тежина што е пропишана во законот, но едновремено да се наметне и осознавање на девијантното однесување и да се вложат напори таквото однесување да се одбегнува во иднина.

Едно од основните други начела е начелото во однос на вклучување во работниот процес. Се напушта принципот за обврска за работа односно на осуденото лице да му се дава право на работа. Вака

даденото право е надополнето со можност за стекнување соодветни погодности, како што се соодветна накнада за извршената работа, користење на годишен одмор, стекнување на право за пензиско инвалидско осигурување и др. Иако и до сега беше пропишано општото и стручно образование, со овој закон се подига на повисоко ниво, односно се почитува волјата на осуденото лице и согласно тоа државата создава услови за општо и стручно образование на осудените лица.

Сместувањето, односно издржувањето казна затвор, како што е познато, не е на задоволително ниво. За тоа, морам да кажам, зборуваше и претходниот дискутант. Забелешките најмногу се однесуваат на сместувањето односно условите за издржувањето казната затвор. Со предложениот закон се создаваат услови и обврска на државата да интервенира во целосно разрешување на ова прашање.

Во таа насока би истакнал дека во членот 18 став 1 е пропишано и предвидено засебно сместување во засебни соби според можностите на установата во која се издржува казната затвор. Но, во оваа прилика би требало да потсетиме дека во октомври 1996 година Собранието на РМ и ние како пратеници ја донесовме Програмата за финансирање, изградба и доградба и адаптација и поголеми поправки на зградите на правосудните органи, казнено - поправните и воспитно - поправните установи и за опремување на овие органи и установи во периодот од 1997 до 2000-та година, во која е предвидено дека до 2000-та година ќе се довршат работите во изградбата и модернизацијата на казнено - поправните установи, "Идризово", Дом болница за лекување и престој на 200 осудени лица. Но, треба да се напомене дека ова не и требало да биде единственото во кое би се инвестирало.

Во овој контекст би требало да се напомене дека од самиот закон во Главата X - Положба на осудените лица, вградени се меѓународните

II/9.-

норми донесени од Советот на Европа за кои зборуваше министерот, а за одбележување се и новините дека на осудените лица им се признава пензискиот стаж за време што непрекинато ќе го поминат на работа со полно работно време, задолжително вработување на лекар во установите, задоволување на верските чувства и потреби, согласно можностите на установата.

Исто така се предвидува правото на телефонски разговори, склучување брак на осудените лица и сл. Како и најбитното, се овозможува правото на жалба до Комисијата за човекови права и до Европскиот суд за човекови права.

Исто така би сакал да потенцирам дека новина во овој закон е што во барањата за условен отпуст одлучува судот што ја донел пресудата во прв степен во Совет составен од тројца судии, кој Совет одлучува надвор од главниот претрес.

Исто така е новина што малолетничките лица, односно казнено малолетничкиот затвор ја извршуваат во посебни казнено - поправни установи за извршување на казната малолетнички затвор.

Со понуденото решение за кое беше спомнато дека стручно инструктивниот надзор, работата на установите ќе го врши Министерството за правда, односно соодветната дирекција надлежна за извршување на санкциите, како и дека надзорот над извршување на санкциите ќе го врши судот надлежен за извршување, што се внесува нов квалитет во работата на установите, а предложеното решение за основање на државна комисија со контролно - надзорни ингеренции за казнено - поправните се надополнува и надоградува во извршување на санкциите и севкупното работење на установите.

Сметам дека овој закон би требало да ја добие целосната поддршка на Собранието, односно пратениците, односно овој закон да

го преиспитаме односно да ги докажеме нормите кои се во праксата. Тоа најповеќе ќе зависи од нас пратениците и во однос на реализација на предложената програма која ние ја усвоивме. Би предложил и ова Собрание во својата програма за работа еднаш годишно за реализација и на законот и на програмата да гледа еден извештај за реализација на програмата за казнено - поправните установи.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Има збор министерот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Сосема кусо би се осврнал на некои констатации и предлози поврзани со овој закон.

Ние денеска го донесуваме овој закон или нормативен акт што ги поставува принципите, критериумите и обврските на субјектите поврзани со системот на издржување на казна. Значи, денеска, се разбира не е главното прашаше условите и начинот на издржување на казната, иако тоа е важен аспект од кој може да се оцени реалноста на предложениот систем и норми што се предлага во законот.

Сметам дека системот на норми што го поставуваме не е апстрактно поставен од становиште на неговата реализација. Веројатно би биле нереални ако кажеме дека тоа е само една убава замисла што на ниту еден начин не може да се оствари или која што се остварува во толку мал процент што ја прави илузионистичка, така да се каже, намерата на законодавецот, поврзана со идејата дека со измена на нор-ќе ја промени стварноста.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Битно е да се променат и нормите, стандардите, а да се измени, исто така и стварноста односно таа да се усогласи со прифатливи универзални компаративни стандарди во системот на извршувањето на казните. Во таа смисла сметам дека е претерано песимистичка оценката која со инструментот процент се обидува да илустрира во колкав процент се остварува системот на издржувањето на казните од становиште на норми. Искажаниот процент од 10%, морам да кажам дека веројатно е апсолутно нереален и дека во рамките на системот на извршувањето на казните во РМ сигурно е дека постои во одредени установи подстандарден ниво на одредени услови за издржуваше и тоа пред с§ поврзано со затворот "Идризово" поради векот или староста на објектите што таму постојат. Меѓутоа, тој комплекс кој што е и носечки во системот на издржувањето на казните во РМ е одржуван и во него се вложени значителни средства во изминатиот период, каде што се поправени системите на затоплувањето на водоводот, на чистотата и е интервенирано во материјалниот статус или ниво што посред законската обврска е поврзан со личните потреби на затворениците.

Првата задача или првата обврска, според Програмата за инвестиции во правосудните установи е изградбата на затвор - болница во кругот на "Идризово" каде што покрај женскиот затвор би се добил еден модерен објект со доволен капацитет со сите стандарди.

Втората обврска е изградба на нов павилонски затвор, повторно во кругот на "Идризово", бидејќи сите анализи досега на стручните екипи укажаа дека комплетното санирање на постојниот објект, затворот во

"Идризово", во однос на изградбата на комплетно нов објект е со разлика од 10% во цената и дека на тој начин е порационално да се изгради еден нов современ затвор според критериумите на овој закон и според европските критериуми а да се адаптираат просториите на постојниот затвор, како работни простории или простор за пракса и ресоцијализација на самите затвореници.

Оценките за нивото на извршуван>ето на системот на казните од становиште на принципите мора да се подели на нивото кое што го обезбедуваат просторните, техничките и материјалните услови и нивото кое што го обезбедуваат затворските управи и затворската администрација. Во таа смисла може да се каже дека сите досегашни посети што сме ги имале од Советот на Европа каде што, практично тој е доста ригорозен особено од планот на затворите, и на други субјекти е укажано дека во системот на затворите и казнено - поправните установи во РМ функционираат на завидно ниво принципите на положбата на осуденото лице од становиште на неговиот третман, од становиште на неговите права и слободи што не се засегнуваат и од становиште на неговите можности и привилегии кои се вообичаени за казнено-поправните установи, за затворите и во таа смисла системот на издржувањето на казните во РМ, потенцирано е дека се извршува на едно мошне пристојно ниво.

Кога станува збор за материјално финансиските услови исто така треба да се констатира дека Македонија не е ниту на дното, ниту при дното на системот на издржувањето и од тоа становиште. Ние имаме проблеми со затворот "Идризово" со оглед на состојбата на зградите, но

ние имаме исто така во системот на казнено - поправните установи и нови објекти како што е казнено - поправната установа во Прилеп, Струга, како што е таа во Штип, во добра состојба се тие во Струмица, што значи дека женскиот затвор во кругот на "Идризово" и во таа смисла не стоиме, се разбира, најдобро. Можеби не стоиме доволно добро, но стоиме многу повисоко отколку што се создаде една претстава кога се однесуваше целата оваа комплексна инаку и различна состојба да се сведе на еден процент и тоа мошне низок од 10%.

Би сакал да информирам, бидејќи беше покренато дека Министерството за правда и Министерството за здравство веќе пред 2 дена потпишаа взаемна спогодба за обезбедување на посебни простории, како посебна единица на здравствената установа "Бардовци" за затвор - болница, што при овие околности и услови просторни и материјално технички, би била на повисоко ниво опслужувана или остварувана потребата од посебен третман на болните осуденици, наркоманите, хроничните алкохоличари, психопати и другите и дека во таа смисла во кругот на затворот "Шутка" во просторен? капацитет од околу 60 до 70 лица ќе се организира практично како преодно решение, затвор - болница или институт на затвор - болница што по проценката на двете Министерства и установата би се остварувала на повисоко ниво, а при тоа би се почитувале и другите норми на лицата осудени на казна затвор повеќе отколку тоа можеше да го пружи кругот на затворот во "Бардовци". Се разбира како преодно решение до изградбата на модерна затвор - болница што е првата инвестиција во областа ва казнен - поправната установа.

Еве тоа е како укажување. Сепак, да потенцираме издвоено, дека овој пат, оваа точка се однесува на нормативот. Тој норматив е важно да се постави на едно модерно, современо ниво. Имаме чувство дека е тоа така поставено. Во таа смисла не добивме никаква критика. Можно е во догледен период, во текот на оваа година, при крајот на оваа година да доставиме до Собранието опширна анализа за состојбите, за материјално техничките, материјално финансиските и другите услови за издржување на казните, да ја согледаме поцелосно од реална гледна точка таа проблематика и да укажеме дали и колку профункционира програмата за инвестиции во таа област, за да видиме дали сме на добар пат брзо да ги постигнеме претпоставките за остварување на висок процент на овој закон во праксата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани на член 16 став 1, член 26 став 3, член 7 9 став 2, член 192 став 3, член 218 став 2, член 266 став 1, член 318 став 2, член 224 став 2, член 268 став 1, во поднасловот на член 279 и членовите 279, 280, 281, 282, 283 став I, 288 став 2, 291 став 1, 294 став 1, 295 став 1, и 299 став 1 и на член 290 став 2.

ЗПК поднесе амандмани на член 26 став 1 и 2, член 290 став 2, и на член 327 и 331 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1 и 2, поднесен од ЗПК.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 3, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 79 став 2, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 192 став 3, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на членовите 218 став 266 став 1, и 318 став 2, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 224 став 2, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 268 став 1, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на поднасловот на член 279 и членовите 279, 280, 281, 282, 283 став 1, 288 став 2, 291 став 1, 294 став 1, 295 став 1, и 299 став 1, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 290 став 2, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 290 став 2, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој е бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 327 и 331 поднесен од ЗКП.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Продолжуваме со претрес по Текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (54)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување на санкциите.

Минуваме на <u>точка 5</u> - <u>Предлог на законот за прекршоците.</u>

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени,

Бидејќи со овој закон се уредува прекршочната постапка, согласно член 98 став 5 од Уставот на РМ, законот се донесува со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

И овој закон влегува во оваа опширна реформна процедура за реформа на кривичното законодавство. По својата природа содржи материјално правни и процесно правни одредби.

Новината се состои во тоа што целокупната прекршочна проблематика останува исклучива надлежност на редовните судови и на тој начин се прави пресврт во однос на практиката според стариот закон и во однос на практиката според старата организација на судството во РМ. На таков начин целокупната прекршочна проблематика се интегрира во единствениот судски систем и во исто време во единствената дефиниција на казнено право.

Станува збор за проблематика која е мошне честа и во огромна мерка присутна во работата на судските установи или тие што постапуваат по прекршоци, па во таа насока само да укажам дека во текот на 1995 година според материјалот што е доставен, во работа биле околу 382 илјади предмети - прекршочни.

Со оглед на новите дефиниции и одлуки на Уставниот суд со кои целокупната прекршочна материја се става како материја која може единствено да биде регулирана со закон, а не со подзаконски акти, и со оглед на доследните определби во законот за судовите дека судовите

единствено можат да постапуваат врз основа на Уставот, врз основа на законите и на меѓународните договори, ратификувани согласно со Уставот, значи дека од прекршочната материја комплетно се повлекуваа извршната власт. На таков начин арбитрирањето со правата и интересите на граѓаните поврзани со прекршочната материја престанува да се надминува и тоа останува материја на законско регулирање и на судска надлежност. Фактички, преку овој индикатор можеме да заклучиме дека реформата на кривичното законодавство автоматски се одразува на позицијата на судството како една од властите која што станува полновласна во однос на сите видови на казниви дела и на таа основа правосудната област или судската власт го добива своето вистинско место.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ: (**Продолжение)

Законот за прекршоците, како што можете самите да забележите, преставува една општа законска рамка, која ја подразбира и нормативната поврзана со другите закони во кои се определуваат во различни области прекршочните дела, прекршочните санкции, условите на нивното исполнување. Овој закон прави во исто време и пресврт или ја надминува состојбата со така наречените стопански престапи, кои беа резервирани според соодветното законодавство само за правните лица. Нив ги дефинира како прекршоци или како казниви дела, ја задржува димензијата на одговорност на правното лице, но ја изедначува правната заштита на сопственоста на државната или колективната или заостанатата општествена сопственост до тогаш до кога таа ќе постои како и другите сопствености, а ја изедначува одговорноста на одговорното лице со одговорност на секое едно физичко лице. На тој начин се востановува една воедначена правна заштита на сите субјекти и на сите сопствености во целина земено.

Прекршочниот закон ја уредува материјата од казнивите дела и ја разликува од материјата на кривичните дела според квантитативни елементи, не според квалитативни, што е исто така новина во однос на овој закон.

И на крајот и за прекршочните дела, како и за кривичните дела е прифатена формално правната дефиниција, со што исто така се одбегнува идеолошко арбитрирање односно инструминтализирање на правната норма и на таа основа и на судската активност. Имам чувство ■ на тој начин препорачувајќи го законот на Собранието да го донесе дека ние донесуваме еден компатибилен законски инструмент во целината

на судските корпуси на ниво на инструмантализација на уставните прав ни норми и на ниво на инструментализација на стандардите, правните стандарди во оваа област.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани на член 25 став 1; на насловот на глава 7; член 36 став 6; член 58 став 1 и член 59 став 1; на поднасловот на член 95 и на член 102 став 1.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 69 став 1 точка 1 и за менување на член 106 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 1, под- несен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на насловот на глава 7, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 6 под- несен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 58 став 1 и член 59 став 1, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 69 став 1 точка 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на поднасловот на член 95 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

IV/5.-

Отворам претрес по амандманот на член 102 став 1 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 106 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Како што напоменав на почетокот, бидејќи и за овој закон е потребно двотретинско мнозинство, а ние во салата немаме 80 пратеници, и по овој закон предлагам да гласаме по исцрпува&ето на другите точки од дневниот ред.

Ги молам координаторите на пратеничките групи да обезбедат присуство на пратениците во салата.

Преминуваме на **<u>13-та точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за склучување ратификации и извршување на меѓународни договори.</u>

Предлогот за донесување на законот и Извештајот на Комисијата за надворешна политика Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесуваше на закон за склучување ратификации и извршување на меѓународни договори.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела како и укажувањето од расправата на седницата - односно немаше таква расправа

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од комисиите , да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за надворешни работи.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Молам за информација колку пратеници се присутни во салата.

(По пребројувањето)

66 пратеници се присутни во салата, значи дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Заради создавање услови да гласаме по законите по кои го завршивме претресот, објавувам пауза од 30 минути и ги молам министрите, претставниците на Владата да дојдат во салата, бидејќи после гласањето претстои поставување пратенички прашања.

Тоа е последна точка од дневниот ред.

(Паузата започна во 12,45 часот и траеше до 14,18 часот)

(По паузата)

Молам за информација за бројот на присутните пратеници во салата.

(По пребројувањето на присутните пратеници)

Очигледно дека не сме во состојба да одлучуваме по овие закони кои се носат со двотретинско мнозинство.

Јас сум принуден да ја прекинам седницата, а за одржувањето на седницата,односно кога ќе гласаме по овие закони ќе Ве известам дополнително, а тоа ќе биде кога ќе се обезбедат услови.

(Седницата прекина во 14,20 часот.) .